# С Л У Ж Б Е Н  Г Л А С Н И К
# НА ОПШТИНА ГРАДСКО

**Бр.7/26 од 08.07.2026 година**

*Службениот гласник на Општина Градско излегува по потреба*

## С О Д Р Ж И Н А


| Број на акт | | Стр. |
|---|---|---|
| 63 | **З А К Л У Ч О К за објавување на Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош од буџетот на Општина Градско** | **3** |
| | **П Р А В И Л Н И К поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош од буџетот на Општина Градско** | **3** |
| 64 | **З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Градско** | **5** |
| | **О Д Л У К А за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Градско** | **6** |
| 65 | **З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за усвојување на наративен и финансиски извештај во областа на спортот за организирање и реализирање на фудбалски турнир „Стоби КУП Градско 2026“** | **7** |
| | **О Д Л У К А за усвојување на наративен и финансиски извештај во областа на спортот за организирање и реализирање на фудбалски турнир „Стоби КУП Градско 2026“** | **7** |
| 66 | **З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување на ООУ„Даме Груев„ Градско за 2027 година** | **8** |
| | **О Д Л У К А за давање согласност на Годишниот план за вработување на ООУ„Даме Груев„ Градско за 2027 година** | **8** |
| 67 | **З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за усвојување на Кварталниот финансиски извештај за период од 01.01.2026 -31.03.2026 година на ЈКП „Клепа“ Градско - прв квартал** | **9** |
| | **О Д Л У К А за усвојување на Кварталниот финансиски извештај за период од 01.01.2026 -31.03.2026 година на ЈКП „Клепа“ Градско - прв квартал** | **9** |
| 68 | **З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за усвојување на Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА за период од 01.01.2026 до 31.03.2026 година** | **10** |
| | **О Д Л У К А за усвојување на Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА за период од 01.01.2026 до 31.03.2026 година** | **10** |
| 69 | **З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци за 2027 година** | **11** |
| | **О Д Л У К А за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци за 2027 година** | **11** |
| 70 | **З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за доделување на парична помош за новороденче** | **12** |
| | **О Д Л У К А за доделување на парична помош за новороденче** | **12** |
| 71 | **З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за доделување на финансиски средства** | **13** |
| | **О Д Л У К А за доделување на финансиски средства** | **14** |
| 72 | **З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за доделување на финансиски средства** | **14** |
| | **О Д Л У К А за доделување на финансиски средства** | **15** |

**63.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник" на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 19 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Градоначалникот на Општина Градско, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош од буџетот на Општина Градско**

Се објавува Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош од буџетот на Општина Градско, што Советот на Општина Градско ја донесе на седница одржана на 07.07.2026 година.

Бр.09-320/1
08.07.2026год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Киро Нацков с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “ бр.5/2002 и “Службен гласник на Република Северна Македонија” бр.202/2024) и член 12 од Статутот на Општина Градско (Службен гласник на Општина Градско бр.2/06, 7/21, 4/22 и 11/23) Советот на Општина Градско на седница одржана на ден 07.07.2026 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош од Буџетот на Општина Градско**

**Член 1**

Со овој Правилник се одредуваат критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош, потребната документација за остварување на ова право за жителите на општина Градско.

**Член 2**

Средствата за реализација на поднесените барања се планираат во Буџетот на Општина Градско, со соодветни буџетски програми, на годишно ниво по претходно направена процена.

**Член 3**

Средствата предвидени во Буџетот на Општина Градско за еднократна парична помош и останати трансфери во програма Д0 - Градоначалник, расходно конто 471160 - Еднократна парична помош и конто 464990 - Други трансфери и програма А0 расходно конто 464990 - Други трансфери на годишно ниво ќе се доделуваат како помош за следните намени:

- **Нарушена здравствена состојба - лекување;**
- **Ублажување на штета од елементарна непогода.**

Право да поднесат барање до Општина Градско за добивање на еднократна парична помош, еднаш годишно имаат само жителите на Општина Градско.

**Член 4**

Средствата предвидени во Буџетот на општина Градско на годишно ниво за еднократна парична помош за нарушена здравествена состојба - лекување ќе бидат распределени според следните критериуми:

- Набавка на лекови - се доделува еднократна парична помош до 6.000 денари;
- Болничко лекување или оперативен зафат - се доделува еднократна парична помош до 20.000 денари;
- Лекување на лица со тешки болести кои го загрозуваат животот - се доделува еднократна парична помош до 50.000 денари;

Подносителите на барање од став 1 на овој член се должни кон Барањето да приложат:

- Фотокопија од важечка лична карта, со која се докажува дека лицето е жител на Општина Градско;
- Фотокопија од трансакциска сметка;
- Соодветна медицинска документација не постара од 6 месециодносно еден од наведените документи со кој се докажува дека на лицето му се потребни финансиските средства:
- – Медицинска документација со која се докажува потреба од набавка на лекови (за став 1 алинеја 1 на овој член);
- – Медицинска документација со која се докажува потребата од оперативен зафат или дека имало потреба од болничко лекување односно отпусно писмо доколку лицето веќе било на болничко лекување (за став 1 алинеја 2 на овој член);
- – Медицинска документација со која се потврдува дека на лицето му е дијагностицирана болест која му го загрозува животот (за став 1 алинеја 3 на овој член).

**Член 5**

Еднократна парична помош ќе се доделува и за лица кои**претрпелештета природна непогода (пожар, поплава, земјотрес)**, имаат лицата чија куќа/стан е погодена со истата.

Помошта зависно од причинетата штета ќе се исплаќа во две категории:

- прва категорија до 30.000 денари за поголема штета;
- втора категорија до 10.000 денари за помала штета.

**Член 6**

Лицата кои ги исполнуваат условите од член 5 на овој Правилник потребно е до комисијата формирана од страна на Градоначалникот да поднесат барање, врз основа на кое комисијата излегува на терен и составува записник за констатираната состојба. Во прилог на барањето се доставува и следната документација:

- Фотокопија од важечка лична карта;

- Фотокопија од трансакциска сметка;
- Имотен лист на кој се наоѓа објектот со кој се докажува сопственост на објектот и негова локација на територијата на Општина Градско.

**Член 7**

Поднесените барања согласно член 4 став 1 алинеја 1 од овој Правилник ги разгледува три члена комисија која ја формира Градоначалникот на општината од редот на вработените во општинската администрација.
Поднесените барања согласно член 4став 1 алинеја 2 и 3 и член 5 од овој Правилник ги разгледува Советот на општината.

**Член 8**

Барањата согласно овој Правилник ќе се примаат се до искористување на средствата резервирани за оваа намена во Буџетот на Општина Градско во тековната година година.

**Член 9**

Со денот на влегување во сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за начинот на остварување на правото на користење на средствата, начинот и висината на одредување на еднократна парична помош и помош во натура и потребната документација за остварување на ова право бр.08-61/6 од 04.02.2022 година и Правилник за измена и дополнување на Правилникот за начинот на остварување на правото на користење на средствата, начинот и висината на одредување на еднократна парична помош и помош во натура и потребната документација за остварување на ова право бр. 08-211/9 од 24.04.2026 година.

**Член 10**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Градско.

Бр.08-310/4
07.07.2026год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Драгана Данева с.р.

**64.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник" на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 19 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Градоначалникот на Општина Градско, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Градско**

Се објавува Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Градско, што Советот на Општина Градско ја донесе на седница одржана на 07.07.2026 година.

Бр.09-320/2
08.07.2026год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Киро Нацков с.р.

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), член 23 став 3 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/04,89/08,115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16 и „ Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 31/20) и член 17 од Статут Општина Градско („Службен гласник на општина Градско" бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Советот на Општина Градско на 12 (дванаесеттата) седница одржана на 07.07.2026 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Градско**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши продолжување на работното време на угостителските објекти кои работат на подрачјето на Општина Градско, за време од 2 (два) часа од регистрираното работно време на угостителскиот објект.

**Член 2**

Продолжувањето на работното време од 2(два) часа, важи на деновите 10, 11 и 13.07.2026 година (петок, сабота и понеделник), по повод одржувањето „3 х 3" турнир во кошарка" и манифестацијата „Градско-храна, вино и традиција -Павловден".

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Градско".

Бр.08-310/5
07.07.2026год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Драгана Данева с.р.

**65.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник" на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 19 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Градоначалникот на Општина Градско, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за усвојување на наративен и финансиски извештај во областа на спортот за организирање и реализирање на фудбалски турнир „Стоби КУП Градско 2026“**

Се објавува Одлуката за усвојување на наративен и финансиски извештај во областа на спортот за организирање и реализирање на фудбалски турнир „Стоби КУП Градско 2026“, што Советот на Општина Градско ја донесе на седница одржана на 07.07.2026 година.

Бр.09-320/3
08.07.2026год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Киро Нацков с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 и член 24, став 2 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24), член 4 од Олуката за делегирање на надлежностите на општина Градско во областа на културата и туризмот (Службен гласник на општина Градско бр.05/26) и член 21 од Статутот на Општина Градско (Службен гласник на општина Градско бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23) Советот на Општина Градско на седницата одржана на ден 07.07.2026 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за усвојување на наративен и финансиски извештај во областа на спортот за организирање и реализирање на фудбалски турнир „Стоби КУП Градско 2026“**

**Член 1**

Советот на Општина Градско го усвои наративниот и финансиски извештај во областа на спортот за организирање и реализирање на фудбалски турнир „Стоби КУП Градско 2026“.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Градско“.

Бр.08-310/6
07.07.2026год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Драгана Данева с.р.

**66.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник" на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 19 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Градоначалникот на Општина Градско, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување на ООУ„Даме Груев„ Градско за 2027 година**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување на ООУ„Даме Груев„ Градско за 2027 година, што Советот на Општина Градско ја донесе на седница одржана на 07.07.2026 година.

Бр.09-320/4
08.07.2026год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Киро Нацков с.р.

Врз основа член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24), член 84 од Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ бр. 161/19, 229/20, 3/25, 74/25, 250/25 и 111/26) и член 17 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23)

Советот на Општина Градско на седницата одржана на 07.07.2026 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Годишниот план за вработување на ООУ„Даме Груев„ Градско за 2027 година**

**Член 1**

Советот на Општина Градско дава согласност на Годишниот план за вработување на ООУ„Даме Груев„ Градско за 2027 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Градско“.

Бр.08-310/7
07.07.2026год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Драгана Данева с.р.

**67.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник" на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 19 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Градоначалникот на Општина Градско, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за усвојување на Кварталниот финансиски извештај за период од 01.01.2026 -31.03.2026 година на ЈКП „Клепа“ Градско - прв квартал**

Се објавува Одлуката за усвојување на Кварталниот финансиски извештај за период од 01.01.2026 -31.03.2026 година на ЈКП „Клепа“ Градско - прв квартал, што Советот на Општина Градско ја донесе на седница одржана на 07.07.2026 година.

Бр.09-320/5
08.07.2026год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Киро Нацков с.р.

Врз основа на член 36,став (2) од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр. 05/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24), а во врска со член 11 став (1) точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен Весник на РМ“ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен Весник на РСМ“ бр. 275/19, 82/20 и 89/22),

Советот на Општина Градско на седницата одржана на ден 07.07.2026 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Кварталниот финансиски извештај за период од 01.01.2026 -31.03.2026 година на ЈКП „Клепа“ Градско – прв квартал**

**Член 1**

Советот на Општина Градско го усвои Кварталниот финансиски извештај за периодот од 01.01.2026 до 31.03.2026 година на ЈКП„Клепа“ Градско - прв квартал.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Градско.

Бр.08-310/8
07.07.2026год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Драгана Данева с.р.

**68.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник" на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 19 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Градоначалникот на Општина Градско, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за усвојување на Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА за период од 01.01.2026 до 31.03.2026 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА за период од 01.01.2026 до 31.03.2026 година, што Советот на Општина Градско ја донесе на седница одржана на 07.07.2026 година.

Бр.09-320/6
08.07.2026год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Киро Нацков с.р.

Врз основа на член 36,став (2) од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр. 05/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), а во врска со член 11 став (1) точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен Весник на РМ“ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен Весник на РСМ“ бр. 275/19, 82/20 и 89/22),

Советот на Општина Градско на седницата одржана на ден 07.07.2026 година донесе,

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА за период од 01.01.2026 до 31.03.2026 година**

**Член 1**

Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци за период од 01.01.2026 до 31.03.2026 година бр. 02-105/5 од 28.04.2026 година, донесена од страна на Управниот одбор на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на општина Градско“.

Бр.08-310/9
07.07.2026год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Драгана Данева с.р.

**69.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник" на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 19 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Градоначалникот на Општина Градско, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци за 2027 година**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци за 2027 година, што Советот на Општина Градско ја донесе на седница одржана на 07.07.2026 година.

Бр.09-320/7
08.07.2026год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Киро Нацков с.р.

Врз основа член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24), член 37-з од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 19/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и Службен весник на РСМ бр. 35/19, 275/19, 82/20 и 89/22) и член 17 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23)

Советот на Општина Градско на седницата одржана на 07.07.2026 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци за 2027 година**

**Член 1**

Советот на Општина Градско дава согласност на Годишниот план за вработување на ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци за 2027 година со број 02-126/1 од 22.05.2026 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Градско“.

Бр.08-310/10
07.07.2026год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Драгана Данева с.р.

**70.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник" на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 19 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Градоначалникот на Општина Градско, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за доделување на парична помош за новороденче**

Се објавува Одлуката за доделување на парична помош за новороденче, што Советот на Општина Градско ја донесе на седница одржана на 07.07.2026 година.

Бр.09-320/8
08.07.2026год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Киро Нацков с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 7, член 36 став 1 точка 15 и член 50 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), и член 17 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ број 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23) Советот на Општина Градско на седницата одржана на ден 07.07.2026 година, решавајќи по барање бр. 08-266/1 од 20.05.2026 година за доделување на парична помош за новороденче од Аида Делиќ, Советот на Општина Градско донесе:

**О Д Л У К А**
**за доделување на паричнa помош за новороденче**

**Член 1**

На Аида Делиќ од с.Водоврати, Општина Градско со ЕМБГ xxxxx му/и се доделува парична помош за новороденче во износ од 20.000,00 денари.

**Член 2**

Средствата ќе бидат исплатени на сметка број xxxxx во xxxxx банка , програма А0, конто 471230, од Буџетот на Општина Градско.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Градско.

Бр.08-310/11
07.07.2026год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Драгана Данева с.р.

**71.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник" на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 19 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Градоначалникот на Општина Градско, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за доделување на**
**финансиски средства**

Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства, што Советот на Општина Градско ја донесе на седница одржана на 07.07.2026 година.

Бр.09-320/9
08.07.2026год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Киро Нацков с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 202/24) и член 17 од Статутот на Општина Градско (Службен гласник на Општина Градско бр. 2/06, 07/21, 04/22 и 11/23)

Решавајќи по барање од Здружение на граѓани Градски шаховски клуб Стоби Градско број 08-311/1 од 01.07.2026 година, Советот на Општина Градско донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување на финансиски средства**

**Член 1**

На Здружение на граѓани Градски шаховски клуб Стоби Градско му се доделуваат финансиски средства во износ од 21.000,00 денари, за учествување на државно првенство во шах.

**Член 2**

Средствата ќе бидат исплатени на сметка број ххххх во ххххх банка од трансфери кон невладини организации, програма А0, конто 463190 од Буџетот на општина Градско за 2026 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Градско.

Бр.08-310/12
07.07.2026год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Драгана Данева с.р.

**72.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник" на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 19 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Градоначалникот на Општина Градско, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за доделување на**
**финансиски средства**

Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства, што Советот на Општина Градско ја донесе на седница одржана на 07.07.2026 година.

Бр.09-320/10
08.07.2026год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Киро Нацков с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 202/24) и член 17 од Статутот на Општина Градско (Службен гласник на Општина Градско бр. 2/06, 07/21, 04/22 и 11/23)

Решавајќи по барање за доделување на финансиски средства од Џулијан Хамза од с.Уланци, Општина Градско со број 08-315/1 од 03.07.2026 година, Советот на Општина Градско донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување на финансиски средства**

**Член 1**

На лицето Џулијан Хамза од с.Уланци, Општина Градско со ЕМБГ xxxxx му/и се доделуваат финансиски средства во износ од 20.000,00 денари, потребни за покривање на трошоци за лекување.

**Член 2**

Средставата ќе бидат исплатени на сметка број xxxxx во xxxxx банка од останати трансфери, програма А0, конто 464990 од Буџетот на Општина Градско за 2026 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Градско.

Бр.08-310/13
07.07.2026год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Драгана Данева с.р.